ООУ Дебрца

ОПШТИНСКО ОСНОВНО
УЧИЛИШТЕ „ДЕБРЦА“ -
С. БЕЛЧИШТА

# Програма за реализација на Настава во природа за учениците од V одд.
# ООУ„Дебрца“- Белчишта

## во учебната 2023/2024

Врз основ на член 42 од Законот за основно образование Сл. Весник на РСМ 161/2019 и Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година донесен од Министерот за образование и наука, Стручниот тим за подготовка на Програмата за екскурзии и други слободни активности на ОУ Дебрца - Белчишта,во состав

-Билјана Славевска-директор

· Билјана Трајкоса-класен раководител на деветто одделение во ООУ„Дебрца“ с. Белчишта

· Татјана Новеска -класен раководител на деветто одделение во ПУ. Мешеишта

· Сузана Велјаноска-класен раководител на шесто одделение во ПУ. Мешеишта

· Павлина Г. Палоска- класен раководител на шесто одделение во ПУ. Лешани

· Страшо Аврамоски -одделенски наставник

· Марија Димоска - одделенски наставник

· Марија Калајџиева-одделенски наставник

· Гоце Кузески- предметен наставник

изготви

## ПРОГРАМА

## За изведување настава во природа за учениците од V одделение

Училиштето “Дебрца”оваа учебна 2023/2024 година планира да ја реализира настава во природа. Планираната настава ќе се одвива според Годишната програма,но и според целите и задачите од  Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието.

## ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВА ВО ПРИРОДА

### ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ

Реализацијата на наставата во природа има општ воспитно-образовен карактер, истражување на  појави во природата, како и односите во општествениот живот– поттикнување самостојност кај учениците, социјализација и колективна заштита,градење чувство на припадност кон државата, еднаквост, толеранција и соживот, – запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви на државата, – развивање интерес за природата и градење еколошки навики; – развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво општествено живеење.

1. **Цел на наставата во природа:**

Во согласност со воспитно-образовната работа на ООУ "Дебрца" - Белчишта

- совладување и проширување на знаењата на учениците
- примена на вештини и ставови  преку непосредно запознавање  на појавите како и односите во природаната и општествена средина
- потикнување  развој на самостојност кај учениците, социјализација и колективна заштита
- почитување на  традицијата и културното наследство на својата заедница и другите заедници во родниот крај
- стекнатите знаења во училница да се применат во конкретни ситуации на терен преку интерактивни активности
- реазвивање  на еколошки навики
- Поттикнување на позитивни чувства( успешност, самосвест, позитивен однос кон стекнување на знаења,трајност на стекнати  знаења)
- Едукација, другарувања, рекреација, спортски активности

**Воспитни цели:**

- почитување на културните традиции и културното наследство
- почитување на знаења и искуства на возрасните
- воспоставување, развивање и негување на пријателство
- почитување и љубов кон природата и нејзиното наследство
- љубов кон татковината
-

2. **Задачи**

**Наставата во природа треба да обезбеи:**

- изучување  и истражување на објекти и појави  во природата како и односите во општествниот живот
- развивање интерес за природата и градање на еколошки навики
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделени краеви
- почитување и вреднување на националното културно наследство

- градење чувство на патриотизам, толеранција и соживот
- развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности
- поттикнување  и манифестирање на позитивните емоции
- социјализација, колективната заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе

развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

### 3. Содржини и активности:

- утврдување, проширување, систематизирање и практично применување на сознанијата за убавините на нашата татковина..
- набљудување и истражување на Убавините на Отешево и Преспанско Езеро.
- запознавање со културните традиции и културното наследство на Отешево и регионот на Преспа.

**Образовни:**

- утврдување на  основните знаења за , појави, процеси во природата.
- запознавање ,  почитување, вреднување и заштита на културноте вредности и традиции .
- Посета на и запознавање со живописната крајезерска убавина на Отешево и околината.
- развивање на чувство за  заштита, негување и одржување на  природните богатства и убавини на нашата земја.

**Воспитни:**

- развивање  љубов кон татковината и нејзините вредности;
- развивање љубов кон изучување и истражување на природата;
- поттикнување и исполнување на позитивни и емоционални доживувања;
- социјализација и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе;
- градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;
- изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општественит живот;
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето од Преспанскиот регион;

- развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности ;
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;
- социјализација, колективна заштита и стекнување на искуства за осамостојување и грижа за себе;
- Развивање на интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;

**ПОДГОТОВКА**

Со Годишната програма за работа на училиштето планирана е Настава во природа со петтите одделенија ,во согласност со родителите на учениците.На родителските средби родителите ќе одлучат дали да се изведе оваа настава во месец мај ,а финансирањето ќе биде со самофинансирање на родителите.На оваа настава се очекува да присуствуваат над 80% од учениците.

Ќе се водат индивидуални разговори со ученици и родители со цел поефикасна адаптација и социјализација на поедини ученици во колективниот живот.

Ќе се превземат напори за да се обезбеди престој на социјални случаи.

Изработена е посебна програма со конкретизација на содржини, активности и куќен ред, кој е во прилог.Изработени се задолженија за наставниците за слободните активности и слободното време, како и задолженија на учениците за организирање на слободното време во натпревари, квизови и слично.

За реализација на овој вид на настава се врши и избор на наставни и технички средства и помагала кои ќе се користат при реализацијата на наставата и активностите и тоа: топки, јажиња, лопатки за пинг-понг, компас, учебници, хамери, ножици, лепило метро идр. По враќањето од наставата во природа ќе се изврши согледување и проценка на ефектите.Ќе се поднесе извештај пред наставничкиот совет.

**ВИД НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА:** повеќедневна

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** четири дена три ноќевања

**ТЕРМИН:** пролет 2024г

**Планирање на наставните содржини и воннаставни активности и распоредување на времето за работа и слободното време.**

**Наставници кои ќе ја реализираат наставата:**

Одделенски наставници од петтите одеденија, наставник по предметот природни науки.

**Раководители на наставата:** одделенски наставници од петто одделение.

**Распоред на часови**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Вторник:** | 1.Македонски јазик | 2.Математика | 3.Природни науки | 4.ФЗО |
| **Среда:** | 1.Македонски јазик. | 2.Математика | 3.Историја и општ. | 4.Музичко образ. |
| **Четврток:** | 1. Природни науки | 2. Математика | 3. .Математика | 4. Музичко образ. |
| **Петок:** | 1.Македонски јазик | 2.Историја и општ. | 3.Музичко образ. | 4.ФЗО |

Часовите од редовната настава ќе се одржуваат во време од 9.00ч. до 12.30ч. додека активностите на учениците во слободното време, во периодот од 16.30 часот до 18.00 часот.

**КОНКРЕТИЗАЦИЈА НА НАСТАВНИТЕ СОДРЖИНИ:**

**ВТОРНИК:**

**1.Македонски јазик**: Прв ден Отешево – Раскажување по доживеан настан

**2.Математика:** Единици мерки за должина:мм,цм,м,км повторување

**3.Природни науки:** Животни средини истражување водена и копнена животна средина

**4.ФЗО:** Одење по различен терен

**СРЕДА:**

**1.Македонски јазик:** Опис на Преспанско Езеро

**2. Математика:**Практични вежби мерење растојанија со стандардни и нестандардни мерки

**3.Историја и општество**: Набљудување на релјефот во околината

**4.Музичко образование:**Пеење изучени песни

**ЧЕТВРТОК:**

**1.Природни науки:** истражување почвата како животна средина.

**2.Македонски јазик:**Составување состави и стихови – тема „Во Отешево“.

**3.Математика**: Прибирање податоци од мерење на растенија

**4.ФЗО:** Народна топка

**ПЕТОК:**

**1.Македонски јазик:**Пишување извештај за наставата во природа.

**2.Историја и општество:** Ориентирање во просторот според природни објекти и користење на компас за ориентација во просторот (враќање преку патниот превој на планината Галичица и посета на манастирот Свети Наум)

**3.Музичко образование:**Пеење народни роднокрајни песни

**4.ФЗО:** Трчање во природа.

**КОНКРЕТИЗАЦИЈА НА СОДРЖИНИТЕ ЗА АКТИВНОСТИТЕ ВО СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ НА УЧЕНИЦИТЕ**

- Потикнување и пишување дневник од престојот во Отешево
- Опишување преку лични творби: Јас во Отешево
- Собирање на личните творби во збирка
- Изработка на плакат од истите
- Ликовни творби со мотив од природата во Отешево и дружењето меѓу учениците
- Собирање растенија за хербаториум
- Препарирање на растенија
- Собирање инсекти за инсектариум
- Изработка на плакат – Живиот свет во Отешево
- Презентација на плакатот – Живиот свет во отешево

**ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ**

**Вторник:**

- Тргнување во 9.00 часот
- Пристигнување и сместување во одморалиштето и запознавање со куќниот ред
- Разгледување и запознавање со објектот
- Вечерна програма – Добро ни дојдовте (забава)

**Среда:**

- Од 17.30ч. до 19.00ч. натпревар во мал фудбал и народна
- Од 20.00ч/ до 20.30ч. припрема за вечерната приредба
- Од 20.30ч. до 21.30ч. вечерна приредба (маскенбал)-избираме најдобра маска

**Четврток:**

- Од 17.30ч. до 19.00ч. меѓуодделенски натпревар во влечење јаже
- Од 20.00ч/ до 20.30ч. припрема за вечерната приредба
- Од 20.30ч. до 21.30ч. избор на најдобар пејач и хуморист

**Петок:**

- Од 10.30ч. до 12.00ч. другарување и играње на спортски терени
- 15.00ч. припрема и напуштање на објектот

**К у ќ е н р е д**

- Будење на учениците во 7 часот
- Миење и местење на креветите до 7:30 часот
- Организиран појадок од 7:30 до 8:00 часот
- Преглед на собите од 8:00 до 8:30 часот
- Припрема за настава до 8:45 часот
- Тргнување и пристигнување на островот „Голем град" од 8:45 до 9:00 часот
- Почеток на првиот час во 9:00 часот и завршување во 12:15 часот
- Припрема за тргнување од 12:15 до 12:30 часот
- Враќање од настава во природа од 12:30 до 12:45 часот

- Припрема за ручек до 13:00 часот
- Организирано ручање од 13:00 до 14:00 часот
- Попладневен одмор за учениците од 14:00 до 16:00 часот
- Ужина во 16:15 часот
- Слободни активности од 16:30 до 17:15 часот
- Организирање спортски натпревари од 17:30 до 19:00 часот
- Вечерање од 19:15 до 20:00 часот
- Припрема за приредба од 20:00 до 20:30 часот
- Вечерна приредба од 20:30 до 21:30 часо
- Легнување на учениците во 22:00 часот

## НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

- Наставата во природа ќе бидат финансирана од страна на родителите/старателите на учениците.

- Наставата во природа ќе ја реализира Туристичка агенција која ќе биде избрана од страна на училишна комисија, а ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми.

- За безбедноста на учениците ќе се грижат одделенските раководители на петтите одделенија

- За здравствената состојба на учениците ќе се грижи медицинско лице Доктор кој ќе биде на располагање 24часа

- Учениците ќе бидат лично осигурани за време на патувањето и престојот во детското одморалиште

**СМЕСТУВАЊЕ:**

Сместувањето ќе биде во Одморалиштето Отешево" кое се наоѓа во Ресен .Објектот ги има сите потребни стандарди кои се неопходни за сместување на учениците, (двокреветни и трокреветни соби) кои содржат простори за одржување на личната хигиена и располагаат со соодветни трпезарии и другите пропратни простории за пријатен престој на учениците.Спортските објекти и терени се во непосредната околина и истите ќе придонесат за непречено реализирање на спортско рекреативните активности: утринска гимнастика и спортските натпреварувања меѓу учениците. Објектот располага со простории за културно забавен живот на учениците.

**ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:**

Учениците да се запознаат со убавините и историјата на својата татковина и истите да ги негуваати почитуваат. Стекнатите знаења да ги продлабочат, утврдат, прошират и збогатат, како и да се здобијат со нови знаења и искуства.Да стекнат конкретна претстава за некои изучени поими. Кај учениците да се развива другарството, меѓусебното помагање и соработка.Да се формираат навики за здраво живеење во еколошки чиста средина.

**ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА:**

- Објавување најавен оглас во најмалку два дневни весници од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во весниците што се издаваат на јазикот штого зборуваат најмалку 20 % од граѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик

- Патувањето ќе биде со автобус со соодветни услови дефинирани во Правилникот за изведувањеучилишни екскурзии и други слободни активности ,дефинирани од МОН.

**ЗАБЕЛЕШКА**

Доколку предвидената настава во природа нема да може да се изведе во Отешево поради некои непредвидени причини , тогаш истата ќе се реализира во место каде ќе бидат создадени услови за изведување на ваков тип на настава ( Крушево , Маврово , Пелистер , Кожуф или друго место кое ќе нуди подобри услови и ќе ги исполнува критериумите и стандардите за реализирање на настава во природа ) .

Доколку предвидената настава во природа нема да може да се изведе на ниту едно место ,тогаш истата да може да се замени со еднодневен излет до Битола .

За сите промени кои ќе се случат навреме ќе бидат известени : директорот на училиштето , стручнатаслужба , советот на родители , учениците , родителите од учениците и одделенските наставници од петтите одделенија како и БРО .

**Раководител на настава во природа за учениците од V одделение**

Страшо Аврамоски

/_________________/